

Марко Вујисиќ роден е 1994 год. во Скопје.
Завршил средно уметничко училиште „Лазар Личеноски„ - графички отсек, 2012 година во Скопје.
Студирал графика на ФЛУ 2012/2013 во Скопје. Во Белград студирал графика и сликарство од 2013 до 2015 година.
Завршил СЕМОС - Академија за Графички и Веб Дизајн 2016 год. во Скопје

Самостојни изложби:
2017 год., Скопје, КИЦ, графики и слики
Охрид-Куќа на Робевци
Струга-Галерија Вангел Коџоман
Награда за графика на Агенција за млади и спорт, 2017 год. од проектот "Млади Уметници"

Слетување, 150 x 100 см, акрил на платно



Поетика на еден простор, 150 x 100 см, акрил на платно




# МАРКО ВУЈИСИЌ
# ФОРМИТЕ НА ГРАДОТ
слики · графики · цртежи

акантус • ἄκανθος • acanthus

**Марко Вујисиќ - Формите на Градот**

Јазикот со кој уметниците зборуваат и пишуваат и нивната слика како литерарност во илустрацијата го интерпретираат нивниот поглед, нивното искуство низ спознанието и перцепцијата.

Младиот уметник Марко Вујисиќ во ова негово самостојно претставување како лауреат на наградата на галеријата „Акантус“ по изложувањето на In Situ Art Fair во Скопје, нѝ се претставува со слики и графики посветени на градот и на неговите форми.

Дали визиите на еден град секогаш исто нѝ значат? Дали ги поседуваат истите вредносни визури во нашето сеќавање? “Кога една поетска слика се обновува, дури и во една линија, таа манифестира првична наивност.” (Gaston Bachelard)

Поетската слика на доживувањата на овој град, на некој друг град, на некој друг пејзаж, се испишува, се исцртува со нови линии, со стари и нови искуства; па можеме да се сложиме со мислата на Башлар дека ни наметнува и наивност од почетното доживување. Барајќи ги визурите на своите доживувања тој, авторот ги препознава преку својата перспектива и создава нови искршени простори. Самите наслови ни сугерираат точна локација или пак позната визура.

Марко, млад жител на Скопје, на интересен начин ги создава конструктивните форми, ги расчленува, ги коментира преку симболи, ги акцентира преку апстрактни антропоморфни форми. Колоритот кој ја надополнува, поточно ја оформува сликата е чист и медиумски „плакатно“ исчистен. Графитите на Марко имаат свежина на прочистен цртеж, поента која соодветствува со околината, но за жал повеќето од нив повеќе ги нема на ѕидовите на градот. Неговата графика пак ја има истата чиста, прекршена линија, со грубоста на техниката линорез, но и со извесна слоевитост во градењето на графичкиот печат во боја постигнувајќи убава мекотија и транспарентност. Неговиот афинитет и искуство во графити уметноста се отсликува и во неговите слики и ја води неговата рака кон создавање на форми кои делуваат дека се бргу и бритко исцртани во техниката на акрил и масло на платно, но сепак класично се третирани во прецизноста. Платната се богато исполнети со форми, асоцијации, симболи, компонирани во целосно доживување на еден лавиринт. Со употреба на препознатлив манир на потези од историјата на уметност го аплицира сопствениот ракопис кој внимателно го гради.

Ако наивноста на повторувањето на линијата и формата ја земеме како богатство од младешка перцепција, брзата ликовна реакција како темпераментна игра, тогаш можеме да ја славиме уметноста на посебните изрази. На Марко Вујисиќ му посакуваме со свежината на размислување од оваа изложба да созрева и на некои други теми, проблеми, медиуми.



Поглед кон врвот, 36 x 50 см
линорез

Дијана Томиќ Радевска
ликовен уметник и куратор
на галеријата „Акантус“

Град Скопје




Форми над градот, 29 x 19 см
акрил на платно



Таа на прошетка, 24 x 19 см
акрил на платно



Жена Парк, 19 x 24 см
масло на платно